ПАТРИМОНИУМ.МК, година 18, број 23 / 2025
УДК 75.052(497.777):745.51Христов, А.“18“
УДК 75.052.071(497.777)Христов, А.“18“

Викторија ПОПОВСКА-КОРОБАР

БЕЛЕШКИ ЗА ЗОГРАФОТ АТАНАС ХРИСТОВ ОД КРУШЕВО ВО 1840-ТИТЕ ГОДИНИ

Клучни зборови: *зограф Атанас Христов од Крушево, икони, XIX век, Свети Николе, с. Немањици, Штип, Прилеп, Велес*

Во трудот се прошируваат сознанијата за творештвото на зографот Атанас Христов од Крушево, ретко споменат во научната литература. Првпат се презентираат неговите потпишани дела од иконостасите во Свети Николе, с. Немањици, Штип и во с. Босилово. Врз основа на потпишаните икони од периодот 1846 – 1850 г. и според препознатливите стилски карактеристики на зографот Атанас Христов, нему му се припишуваат повеќе други икони зачувани во градските цркви во Прилеп, Кавадарци и во Велес. За извонредниот мајстор се претпоставува дека бил Влав од семејство со потекло од областа Загори (Епир), кој се населил во Крушево.

Првата релевантна белешка за зографот е на А. Василиев, кој во својата книга го вклучува во групата „мајстори од Македонија без утврдено место на потекло“, пренесувајќи го потписот и ктиторскиот натпис од престолната икона на св. Никола (1847 г.), во црквата под патронат на мирликискиот чудотворец во градот Свети Николе (Овче Поле).[1] Тогаш ги посочува датумот за изградбата на црквата Св. Никола (1. мај 1847 г.) и натписот врз престолната икона на св. Харалампиј (1849 г.), проценувајќи дека и „останатите“ икони се од зографот со „полно име Атанас Христов“.[2]

Црквата во Свети Николе е изменета кон крајот на XX век, така што врз неа е изградена нова петкуполна (осветена во 1990 г.), додека зачуваниот долен дел од стариот храм сега е посветен на пустиножителот Св. Прохор Пчињски.[3] И на иконостасот настанале соодветни промени – поставување нова патронска икона во редот на престолните и отстранување на горниот ред поединечни претстави на Деисисот со апостоли и други икони[4]. **(сл. 1)** Констатираме дека од Атанас Христов биле изработени седум икони за првата зона на иконостасот,[5] едната потпишана во 1847 г. и две од 1849-тата без потписи. Три негови икони, од некогашниот Десисисен ред (Исус Христос, Богородица и св. Јован Претеча), се закачени на ѕидовите околу западниот влез. Царските двери и вратата кон проскомидијата се сработени од различни зографи во доцниот XIX век.

Според актуелниот распоред во параклисот Св. Прохор Пчињски, до царските двери се иконите на Богородица Одигитрија (МНР ѲѴ ИѲ҂ДНГНТРІА, І҃С Х҃С), Исус Христос Пантократор (·І҃С·Х҃С· Ѻ ПАНТОКРАТѾР), кој држи отворен кодекс со испишан црковнословенски тескт според евангелието (Јов. 8, 12), и св. Јован Претеча (С҃ ІѡАН) ПРЄ(Д)ТЄЧИ) претставен до под појасот со иконографскиот тип кефалофорос. Вообичаени се пророчките текстови на неговиот свиток (Покаитесѧ поближи босѧц(а)рствіе неб(ес)ное) и извитканата трака околу крстот (се а҃гнецъ бо҃жій въ зе҃милѧй и грѣхи мира). **(сл. 2-3)** На вратата кон ѓакониконот е поставена иконата Вознесение на пророк Илија (ВЗ(А)ТІЄ ИЛІЙНѺ), каде што годината 1849-та е испишана под нозете на проро-

[1] Василиев 1965: 305; сп. Елезовиќ 1935: 263, го пренесува тој натпис и потписот нецелосно.

[2] Василиев 1965: 305, заб. 1 и 2.

[3] Според:http://www.bregalnickaeparhija.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=48:2009-12-18-17-06-14&catid=35:2010-01-15-21-58&Itemid=55 (посетено 27.10. 2025)

[4] За одредени икони пред измените на првобитната црква Св. Никола, постои документација од стручната евиденција спроведена во 1960-тите години, којашто се чува во надлежната институција НУ Национален конзерваторски центар во Скопје (НКЦ).

[5] Димезиите на иконите во просек се 100 x 65 x2 см.

Сл. 1. Иконостас, црква Св. Никола, параклис Св. Прохор Пчињски, Свети Николе (фото: В.П.Коробар)

кот (прóрóк йлїѧ), седнат пред пештерата со свиток чиј текст е со грчко и словенско писмо: Гóсподн| мпóзсе снлъ| мпóже їсраѝлевъ. Покажува кон небото гледајќи кон Елисеј (прóрóк éлїсéй) **(сл. 4)** Иконостасното крило на јужниот ѕид продолжува со некогашната патронска икона св. Никола (СТЫЙ НИКОЛА| н) кому Христос и Богородица му ги предаваат архијерејските знаменија. Потписот на зографот е со бела боја: Διὰ χειρός Αθανασ[ίου] Χρήστου. Ктиторскиот натпис долж сликаната долна рамка е оштетен во почетокот на реченицата: [Митор ѹшабасиѧъ][6] сеи ѡбразъ принесесѧ въ даръ ѿ калайцискаго єснафа Жи́телей ци́пскихъ и́ новосе́лскихъ въ лѣто аѡ҃мз Їндíктъ є҃· **(сл. 5)** Потем следува иконата на св. Атанасиј (СТЫЙ А·Ѳ·АНАСІА) претставен со епископска митра, евангелие и благослов. **(сл. 6)**. На северниот ѕид е поставена иконата на св. Харалампиј (СТЫЙ ХАРАЛА(м)БИа), крај чие лево рамо е датираниот натпис: Na[c]т(ѡ) йнїк Христо,| Карáцо Вйк...[7] Загорйá | оѳ сéло равéнà Гóрно | равéна 1849. **(сл. 7)**. Топонимите во натписот најверојатно се однесуваат на епирската област Загори (Ζαγόρι) и села во Јанинскиот регион.[8] За „настојник Христо“ не е децидно кажано дали тогаш бил задолжен во црквата Св. Никола, ниту дали заедно со другите лица потекнувал од планинските села во Епир.[9] Забележуваме дека името на тој Христо се совпаѓа со патронимот на зографот Атанас, но тоа не може да се потврди. Извонредната кујунџиска изработка на сребрените ореоли и апликации врз рацете на светителите изгледа истовремена со иконите.

Во с. Немањици близу до Свети Николе, главната црква посветена на Богородичното Успение била завршена околу 1848 г. Датумот е напишан врз сликаната растителна орнаментика на централниот, полукружно издаден парапет од т.н.

[6] Според читањето кај Василиев 1965: 305. Тој кога истражувал во 40-те години на XX век, веруваме можел повеќе да види, особено што тука просторот одговара на бројот букви. Слично било прочитано и претходно, сп. Елезовић 1935: 263. Во евиденциското досие на иконата (НКЦ бр. 10892), тие два збора ги нема, изгледа, веќе биле оштетени.

[7] Василиев 1965: 305, чита Вай... Не е сигурно дали оштетениот збор е лично име или можеби означува топоним, на пример Викос (Βίκος).

[8] Денес во Јанинскиот регион постојат Ραβένια и 'Ανω Ραβένια, в. ΕΘΝΙΚΗ ΣΤΑΤΙΣΤΙΚΗ ΥΠΗΡΕΣΙΑ ΤΗΣ ΕΛΛΑΔΟΣ. ΑΠΟΓΡΑΦΗ ΠΛΗΘΥΣΜΟΥ - ΚΑΤΟΙΚΙΩΝ 18 ΜΑΡΤΙΟΥ 2001 (ΜΟΝΙΜΟΣ ΠΛΗΘΥΣΜΟΣ, Τόμος Ι, ΠΕΙΡΑΙΑΣ 2009, 171, 175 (http://dlib.statistics.gr/Book/GRESYE_02_0101_00098%20.pdf, посетено 29.10. 2025).

[9] Асен Василиев во оваа црква ја спомнува и иконата на св. Георги Јанински (55x40 см), дарувана од кир Христодулос Константинопулу од село Горна Студена во Загори Јанинско, насликана во 1852 г. од зографот Петар Георгиадис протопсалт во Јанинската митрополија, в. Василиев 1965: 267.

Сл. 2. Св. Богородица Одигитрија, Исус Христос Пантократор, престолни икони, детали, Свети Николе (фото: В.П.Коробар)

женска црква на катот. Иконите на добро зачуваниот трикатен иконостас се изработени од Атанас Христов освен Распетието на големиот крст во резба и ликовите на царските двери. **(сл. 8)** Потписана е патронската икона со наративна иконографска претстава Успение на Богородица (Η ΚΟΜΙϹΙϹ ΤΗϹ ΘΕΟΤΟΚΧ̅) вклучително апокрифната епизода со подавањето појас на апостол Тома. Во облаците околу Богородица за заглавието било напишано со мали букви (Η Κοίμησίς της Θεοτόκου), како потсетување (?). Покрај апостолите, околу одарот на Богородица се светите епископи Дионисиј Ареопагит (Ο᾽ διηνν́ησιος|... παγί| θος) и Јеротеј (Ο᾽ ιεροθεου). Со отворени свитоци испишани на црковногрчки, тука се светите Јован Дамаскин (Ο᾽ δαμασκηνός Ιωάννης) и Козма поет (Ο᾽ ἅγιος κοσμα η ὁ ποηθός). **(сл. 9 - 11)** Зографот своерачно наведува дека е од местото Крушево: διὰ χειρό[ς] ἀθανασίχ| χρήστου ε[κ] χ[ω]ρας κρρχ̅σοβοι/[χ] | 1847. Ктиторскиот натпис врз долната сликана рамка е многу оштетен: Сей ѡ҆́бразъ принесеса въ даръ...ц... Єснафа житєл...лскихъ въ лѣто аѡ҃мз І... **(сл. 12)** Во евиденциското досие[10] натписот е пренесен со речиси иста содржина како тој од престолната икона на св. Никола во Свети Николе. Не е исклучено, калајџискиот еснаф на жителите од Штип и Ново Село да биле приложници во истата 1847 г. и на црквата во с. Немањици. Дека во август следната година била насликана престолната икона на Божјата мајка (·М҃НР· ΘУ) со Младенецот (І҃С Х҃С), кажува натписот крај нејзиниот образ со појаснувањето: ἡ ὁδηγηθρια | 1848 | ἀυγχσθχ : 15 **(сл. 13)** Вројатно оттогаш датираат и иконите на Исус Христос Седржителот (І҃С Х҃С ВСЕДЕРЖИТЕЛЪ), кој благословајќи држи книга

Сл. 3. Св. Јован Претеча, престолна икона, Свети Николе (фото: В.П.Коробар)

[10] НКЦ бр. 10997.

Сл. 4. Вознесение на пророк Илија, престолна икона, 1849 г., Свети Николе (фото: В.П.Коробар)

Сл. 5. Св. Никола, престолна икона, 1847 г., зограф Атанас Христов, детали, Свети Николе (фото: В.П.Коробар)

со евангелски текст според Јов. 8, 12 **(сл. 14)**, и св. Јован Претеча (СТЫЙ ІѠ [П]РЕДТЕ́ЧИ), претставен како во Свети Николе. На страничните иконостасни врати се насликани архангели во цел раст, во рацете со долги тенки крстови и големи небесно-сини сфери со Христовиот монограм – кон протезисот архангел Михаил (С҃ АРХАГЕЛ МИХАИЛ), кон ѓакониконот архангел Гаврил (С҃ АРХАГЕЛ ГАВРИЛ). Во втората зона на иконостасот, отстапувајќи од редоследноста на поединечните икони во Деисисот со апостоли (С҃ АПЛЪ) и евангелисти (ЕѴАГГЕЛІСТЪ), денес се измешани иконите и на другите свети С(ВЕ)Т(Ь)ІЙ (с – ј): св. Модест МОДЕСТЪ, Исус Христос ·І҃С Х҃С·, св. Никола НИКОЛАЙ, св. апостоли Симон СѴМОНЪ и Филип ФІЛИПЪ, потем Богородица МѢР ·Ѳ҃С, св. Петка ПЕ́ТКА, св. Лука ЛУ́КА, св. Јован Претеча ІѲАНЪ ПРЕДТЕЧА, св. Павле ПАѴЕЛЪ, св. евангелист Јован ІОАНЪ, св. Спиридон СПЇРИДОН, св. евангелисти Марко МА́РКО, Матеј МАѲЕѢ, св. апостоли Јаков ЇА́КОВЪ и Петар ПЕТ(А)РЪ. Во најгорниот ред икони, помеѓу апостолите Вартоломеј ВАРѲОЛѲМЕѢ, Андреј А́НДРЕѢ и Тома ѲОМА́, вклучен е и св. Харалампиј ХАРАЛА́БИѢ. **(сл. 15)** Иконите не се датирани и веројатно се работени до крајот на 1848 г. во зографската работилница на Атанас.

Во зборникот со научни трудови за манастирот Света Пречиста Кичевска е објавен уште еден потпис на Атанас Христов, што А. Николовски го прочитал врз престолната икона на Богородица Одигитрија со ангели и пророци:„ διὰ χειρός Αθανασίх ζογραφх γι х҃ χρήστου 1850“.[11] Ктиторскиот натпис во олтарскиот простор, живописан од зографот Дичо Крстев од Тресонче (1852 г.), известува за помошта од жители на Крушево (крѹшовци),[12] така што Богородичната икона веројатно била поврзана со завршните настани на изградбата и осветувањето на црквата Св. Благовештение во 1850 година. **(сл. 16)**

Забележуваме дека различно од претходните потписи, Атанас овде ги користел зборовите *зограф* и *син* на Христо. Тоа поттикнува да предложиме читање на делумно зачуваниот потпис на иконата Богородица Елеуса со св. Никола и св. Наум Охридски, што се наоѓа во колекцијата на Националната уметничка галерија во Софија. За иконата на Божјата мајка со епитет Благоюбиваѧ Матн, се претпоставува дека потекнува од Ох-

[11] *Николовски* 1990: 98-99, без илустрација. Лично не сме го виделе натписот.

[12] *Тричковска* 1990: 67; *Цветковски* 2013: 39, наведува дваесет имиња на приложници од Крушево.

Сл. 6. Св. Атанасиј, престолна икона, Свети Николе (фото: В.П.Коробар)

ридско и се датира во 1842 или 1849 г.[13] Врз основа на стилот на Атанас Христов, кој честопати во потписите ги пишува личните имиња со мали букви, на Богородичната икона читаме: ...[χειρός] (?) τ̅χ̅ ἀθανασί[χ] ... θωγράφιχ (!?) γι χ̅ χρήστου Νοὲβρη[ου] 8 184[9] (Од раката (?) на Атанас... зограф (?) синот на Христо, Ноември 8 1849) **(сл. 17)**

Малку порано датирани и потпишани икони од Атанас се наоѓаат во Штип, во градската црква Св. Никола, каде што, како и во црквата посветена на Богородичното Успение во блиското Ново Село, постоеја обемни изложбени поставки на црковните ризници. Во пригодните, скромно илустрирани каталози, авторите нагласија дека некои икони се евакуирани од други цркви во Брегалничката епархија.[14] Таква е, на пример, иконата на св. Јован Претеча од 1846 г., од црквата Св. Јован Претеча, с. Горни Балван (Штипско), за која



Сл. 7. Св. Харалампиј, престолна икона, 1849 г., детаљ, Свети Николе (фото: В.П.Коробар)

Н. Панзов кажува дека ја изработил Атанас Христов и приложува црно-бела фотографија, но не го пренесува потписот на зографот.[15] **(сл. 18)** Без да ни биде достапна, од фотографијата може да се види дека на иконата постои потпис, веројатно формулиран како во Свети Николе или с. Немањици, каде што иконите на свететиот Претеча имаат исти иконографски и стилски белези, но се без барокна декорација. Н. Панзов ја спомнува и иконата на св. Тројца јерарси, која со двоумење ја припишува на зограф Атанас,[16] а сметаме дека е во право иако нема потпис и дата.

Три непубликувани икони се дарувани од различни еснафи на оваа црква[17]. Потпишаната е на светите Теодори Тирон и Стратилат (ΟΙ(Η)ΑΓΙΟΙ ΘΕΟΔϢΡΗ | ὁ στραθήλάθης κ(α)ί ὁ θύρων) претставени на коњи, кои Исус Христос (ΙΣ ΧΣ) од небесата ги благословува.[18] Иконата ја приложиле група именувани лица, лебари во 1848 г.: Сѝл ѝконѧ прилозѝл во̀ хра́м ст̃ый николѧйъ цве́та| мѝцоъ цекоъ манасиоъ| крцовциъ лебариъ :1848 ἡ(α)νχὰρια 15 διὰ χειρός Αθανασίυ| Χρίστου. Заедно со непотпишаната икона Преображение Христово (ПРЄОБРАЖЄНИЄ ХРІСТОВѾ), подарена од механџискиот еснаф во 1848 г.,[19] пред повеќе години стоеја на иконостасот во јужниот параклис на катот. **(сл. 19)** Според нас, истиот зограф ја изработил и иконата на св. апостол Тома (СТЫЇЙ АПОЦІОЛ ѲОМѦ) со приложнички натпис од мутафџискиот еснаф

[13] *Русева* 2022: 934-935, иконата со димензии 50,5x30,5 см била подарена од приватен имател во 1977 г.; читање на натписот: „ ...χειρ Τ (?) Νοεβρη...1842 .“.

[14] *Панзов* 1991: 14-16; *Балабанов* 1972: 23.

[15] *Панзов* 1991: кат. бр. 40, сл. на стр. 13.

[16] Сп. *Панзов* 1991:18, кат. бр. 49, димензии 83,5x 63,5x3 см (овде напишал дека зографот е непознат).

[17] Мислиме на старата црква Св. Никола, пред сегашната градба на Ѓорѓи Новаков Џонгар од 1867 г.

[18] Димензии 93x59x3см.

[19] Сп. *Панзов* 1991: кат.бр.119, димензии: 99x64x2,5см, без атрибуција.

Сл. 8. Иконостас, црква Св. Успение на Богородица, с. Немањици (фото: В.П.Коробар)

во 1847 г., испишан под медалјонот со името на младиот светец: Сей ѡ҃бразъ | прилозиѧ во храм | с҃тый никола́и еснаф | мѹтафцїи́ски | 1847. **(сл. 20)**

Во црквата Св. Успение на Богородица, штипско Ново Село, две помалечки, недатирани икони веруваме дека се негови, исто така. Едната е на св. Тома апостолот[20] (СТЫИ ѲОМА́ апоѡол), другата на светите Јулита и Кирик[21] (СТАѦ ЙѹЛЇТІСА, С҃ТЫЇЙ КИ́РИК), на којашто пишува: сїѧ ико́на| на́ по́п кй | рик (**сл. 21**)

Од истражувањето на достапната пописна документација на икони, дознаваме за иконографската композиција Раѓање на Богородица од црквата Св. Атанасиј, с. Босилово, Струмичко. Во нејзиното досие се вели дека авторот не е познат, но се пренесува натписот: 1847 μαίο 27 | αθανασιου.[22] Без сомневање, според стилот се работи за зографот Атанас Христов, меѓутоа не сме истражиле дали натписот содржи и некој друг податок или, пак, дали иконата потекнува оттаму односно сѐ уште ли е во црквата.[23] (**сл. 22**)

Преместувањето икони од една во друга црква е честа практика, а во минатиот век зачестило и поради нивна заштита од руинираните матични градби, како што веќе спомнавме за збирките во штипските храмови. Таков бил случајот и во црквата Св. Димитрија во Кавадарци.[24] На иконостасот, којшто го знаеме со стариот изглед,[25] стоеја икони од различни зографи и датуми, а патронската престолна (1841 г.) ја атрибуираме на крушевскиот зограф Анастас (Ангелевич). За плитко резбарените царски двери, кои се без потпис и датум,

[20] Сп. *Балабанов* 1972: кат. бр. 92, димензии: 28x22x2 см, без атрибуција.

[21] *Балабанов* 1972: кат. бр. 88 , сл. 14, димензии: 30x22x2 см, без атрибуција.

[22] НКЦ бр. 11413, димензии: 106x70x3см.

[23] За црквата Св. Атанасиј во с. Босилово се вели дека била изградена во 1842 г., сп. Пандев, Стоев-Трнката: 1969, 159. Од црквата се спомнуваат икони од други сликари, престолната на св. Параскева (1859 г.) или на Богородица Живоносен источник (1866 г.), в. Николовски 2010: 288-289. Не треба да се исклучи пренос на иконата, која спред димензиите е престолна, можеби од црква што го празнува Раѓањето на Богородица. На пример, таква има во блиското с. Бориево во истата босилевска општина, за која, всушност, немаме податоци кога настанала, а нејзината источна фасада е многу слична со црквата Св. Атанасиј.

[24] Тука во 1960-тите се пренесени икони од црквата Св. Мина, с. Гарниково, в. *Ко́рнаков* 2001: 73–75.

[25] Од 2021 г. црквата има целосно нов енетериер, со новоизработени икони на иконсостасот. Претходните се сместени во посебна просторија и тешко се достапни за разгледување.

Сл. 9. Успение на Богородица, престолна икона, 1847 г., зограф Атанас Христов од Крушево, с. Немањици (фото: В.П.Коробар)

сметаме дека ги насликал Атанас Христов од Крушево. Нестручни „реставраторски“ интервенции одземале многу од оригиналниот квалитет на целината. Натписот на композицијата Благовештение или не бил воопшто напишан или исчезнал, како и имињата на архангелот Гаврил и Богородица. Нивните фигури се централно претставени во овални полиња, свртени една кон друга со дијалошки текстови на свитоците. Архангелот ѝ се обраќа на светата Дева: Ра́| дꙋй|сѧ| бг҃о| дѧтна| ѧ: гс҃ь| сѫто| бо́ю, благ| ѡ (Лук.1, 28). Таа покорно одговара: Се̑ раба́ гл҃снѧ бꙋди| мн҃ѣ по глаго́лꙋ (Лук. 1, 38). Над нив, старозаветните цареви-пророци Давид ПР(О)РОКЪ ДАВИДЪ и Соломон ПР(О)РОКЪ СОЛОМОНЪ, седејќи гледаат во иста насока и држат свитоци со своите пораки. Првиот говори: Бла|женъ| мꙋжъ| и҆же| не| и҆де| на со|вѣ (Псалм 1,1), другиот: Пра|ведн| ици́ во вѣ| ки-| живꙋтъ (Мудр. Сол. 5,15). На секое крило од дверите, во одделни полиња се претставени по тројца свети епископи со затворени кодекси в раце, (с-ј): св. Харалампиј (СТЬЇЙ ХАРА҆МПЬ), св. Василиј Велики (__), св.

Сл. 10. Успение на Богородица, детаљ, с. Немањици (фото: В.П.Коробар)

Григориј (СТЬЇЙ ГЛИГО́РИА), св. Јован Златоуст (СТЬЇЙ ИОАННЪ| ЗЛАТОꙋСЪ), св. Никола (СТЬЇЙ НИКОЛАИ) и св. Атанасиј (СТЬЇЙ АѲАНА҆СИА). Во кружно поле на врвот од дверите, над сите е Исус Христос (ИС ХС), Емануил со крилја, благословувајќи со обете раце. Иконописот на дверите би го датирале помеѓу 1847 и 1849 г. заради аналогните претстави помеѓу овде насликаните епископи и датираната икона Вознесение на пророк Илија во Свети Николе. (**сл. 23**)

На темата Благовештение на Богородица, според наше мислење, зографот Атанас Христов е авторот на една од најубавите македонски икони од XIX век. Публикуваната икона се наоѓа во црквата Св. Благовештение во Прилеп,[26] како дар за вечен спомен од мајсторскиот еснаф на дулгерите и калдрмациите во 1846 г. : СІА҆ ІКО́НА| ПРІЛОЖИ́ ЕСН| А҆ФЪ МАЇС| ТО́РСІКІ ДꙋЛ| ГЕРЇ І КАЛДЪР| МА҆ЧІИ ЗА ВѢЧНІ| И҆ СПО́МЕНЪ : 1846. (**сл. 24**)

Од Прилеп ни е позната уште една икона, музејски експонат во Галеријата во близина на

[26] *Николовски* 2012: 342-343, сл. 17-19, првпат објавена, со пренесен приложнички натпис и толкување на другите натписи.

Сл. 11. Успение на Богородица, детали, с. Немањици (фото: В.П.Коробар)

Сл. 12. Потписот на зографот Атанас Христов од Крушево, 1847 г., с. Немањици (фото: В.П.Коробар)

Сл. 13. Богородица Одигитрија, престолна икона, детаљ, 1848 г., с. Немањици (фото: В.П.Коробар)

црквата Св. Благовештение, која би требало да се вброи во опусот на овој мајстор. Реплика е на чудотворната кипарска икона Богородица Елеуса Кикоска, без напишан епитет, но со карактеристиките на иконографскиот тип. Освен иницијалите на Божјата мајка и нејзиниот Младенец (МѢР ѲѢ, ІС ХС), од натписи го има вообичаениот текст (Ис. 61,1; Лук. 4,18) на развиениот свиток испишан ракописно на црковногрчки. Иконата досега во литературата се спомнуваше со несоодветно датирање односно атрибуција.[27] Веруваме дека откако ќе се реставрира, видливите остатоци од извесен натпис со бела боја врз долната сликана рамка, би уточниле во која од 1840-тите години била насликана. Прилепската реплика на Елеуса Кикоска стилски се поврзува со иконите на Атанас од 1847 и 1848 г. (**сл. 25**)

Во црквата Св. Никола, с. Уланци, Градско, близу градот Велес, меѓу разнородна група икони поставени во наосот и на горната галерија, се чува и една на св. Атанасиј од неидентификуван автор. Со оглед дека се публикувани сите икони во црквата,[28] може да кажеме дека таа е таму осамено дело на зографот Атанас Христов. Нејзината најблиска аналогија е престолната икона на истоимениот светител во Свети Николе, околу 1847 г.

Монументалниот иконостас во црквата Св. Пантелејмон во Велес, изградена од мајстор Андреј Дамјанов во 1840 г.,[29] содржи голем број

[27] *Цветковски* 2011: 250, сл.12, ја датира во втората половина на XVIII век; *Поповска-Коробар* 2023: 231, со датирање околу средината на XIX век, но со погрешно име на зографот.

[28] *Николовски* 2018: 314, сл. 43 (54x42x2,5 см).

[29] Од обемната библиографија за градителот Андреј Дамјанов, овде упатувам на: *Василиев* 1965: 155-170; *Хаџиева Алексовска, Касапова* 2001; *Ивковска* 2022, 31-55, со постарата литература.

Сл. 14. Исус Христос Седржител, престолна икона, с. Немањици (фото: В.П.Коробар)

Сл. 16. Св. Богородица Одигитрија, престолната икона, 1850 г, зограф Атанас Христов, црква Св. Благовештение, Манастир Св. Пречиста Кичевска (фото: јавен домен)

Сл. 15. Иконостас, детаљ, с. Немањици (фото: В.П.Коробар)

Сл. 17. Св. Богородица „Благоюбиваѧ Матн“ со св. Никола и св. Наум Охридски, 1849 (?), зограф Атанас Христов, Национална уметничка галерија - Софија (според Русева: 2022, 939)

Сл. 18. Св. Јован Претеча, престолна икона, 1846 г., зограф Атанас Христов, црква Св. Јован Претеча, с. Горни Балван, Штипско (според Панзов: 1990, 13)

недоволно истражени икони, во смисла на нивното попрецизно датирање или авторството. И покрај дамнешното сознание дека недатираните престолните икони се дело на познатиот Димитар Христов од Самоков, во науката тие различно се определуваат во периодот помеѓу 1840 и 1843 г.[30] Особено е важен податокот во сметководниот тефтер на зографот, кој во 1842 г. запишал дека од велешаните треба да земе пари за иконите.[31] Меѓутоа, остана прашањето, дали и иконите во горните зони на иконостасот се на самоковскиот зограф. (**сл. 26**)

Со тоа што издвојуваме дваесет поединечни икони,[32] кои врз основа на стилот ги атрибуираме на Атанас Христов од Крушево, го раздвижиуваме истражувачкиот интерес за иконостасниот ликовен фонд во велешкиот Соборен храм. Имено, станува збор за Деисисниот чин со единаесет апостоли и шестте икони на светители, коишто се наоѓаат разместени. Најголем број од тие во апостолскиот ред доживеале подоцнежни сликарски интервенции, особено во натписите на свитоците, отворените кодекси или останале без текстови. Целата иконописна композиција била сообразена со темата за Страшниот суд и застапничките молитви за спасение. Исус Христос (·І҃С ·Х҃С·) сликан врз облаци, благословува и држи кодекс со евангелски текст (Јован, 8, 12); заднина од облаци има и Божјата мајка (·М҃НР· ѲУ), која молитвено му се обраќа, а отворен свиток држи и св. Јован Претеча (СИГІѠАN ПРЕДТЕЧА). Со отворени книги се светите апостоли и евангелисти: Матеј (СИГАПАЗ МА·Ѳ·ѢА), Лука (СГАПАЗ И ЕѴАГГЕЛ· АУКА), Марко и со стилото в рака (СИГАПАЗ И ЕѴАГГЕЛ МАРКО) и Јован (Бослов) сигниран само со лично име (СИГАПАЗ ЇОАNЪ); без текст се отворените свитоци/книги кај апостолите Филип (СГАПАЗ ФЇЛИП), Андреј (СГАПАЗ АNДРЕА), Симон (СГАПАЗ СИМОN), Тома (СТ(ъ)ЇИ АП(с)ТАЛ ѲОМА), Петар (СИГАПАЗ ПЕТРЪ), Вартоломеј (СИГ АПАЗ ВА...) и Јаков (СГАПАЗ ЇАКОВЬ), додека св. Павле е со врзоп

[30] *Василиев* 1965: 327-328, ги датира „набргу по 1840 г.“; *Попова* 2003: 216, во 1842-1843; *Генова* 2012: 98-99, датација во1841-1842 г.

[31] *Гергова* 2004: 279-280, 294, станува збор за запис од 26 октомври 1842 г. и сума од 3.845 гроша.

[32] Димензиите се во просек (85/86 x 61/62 см).

Сл. 19. Св. Теодор Тирон и св.Теодор Стратилат, Преображение, 1848 г., зограф Атанас Христов, иконостас, јужен параклис (состојба во 2013 г.), црква Св. Никола, Штип (фото: В. Поповска-Коробар)

свитоци (С҃ АПѢѢ ПАѴЛА).[33] По начинот на движењето на телото, крупно драпираната „иштиркана“ облека на апостолите, овие икони се блиски на иконата св. Тома (1847 г.) од Штип. Физиономиите, исто така, зависно од возраста на светиот лик, се аналогни на пророците Давид и Соломон од прилепската икона (1846 г.) и кавадаречките царски двери, или пак, на св. Јоаким од иконата во с. Босилово (1847 г.). (**сл. 27 и 28**) Во северниот дел на истата зона на иконостасот се иконите на св. Петка Римска (СТАА ПЕТКА) и св. Спиридон (СТЬИ СПИРИДѢ) со отворен кодекс. Третата зона е местото каде што се иконите на св. Катерина (СТАА ЕКАТРИ), св. Недела (СТАА НЕДѢЛЬ), светите Константин и Елена (СТЬИ КѰНСТА, СТАА ЕАѢНА), и на крајот во јужното иконостасно крило е св. Сава Освештениот (СТЬИІ САВА) со модел на црква в раце.[34] Освен на светата царска двојка што го држи чесниот крст, сите други ликови се сигнирани во кружни или во медаљони со овална барокизирана форма, коишто повремено ги има и постилизирани во делата од Атанас Христов (1846 – 1850 г.). Во оваа црква тие се малку усогласени со престолните икони од зографот Димитар Христов. Исто така и сликаните облаци зад Исус Христос и Богородица во Деисисниот

Сл. 20. Св. Тома, 1847 г., црква Св. Никола, Штип (фото: В. Поповска-Коробар)

[33] Сп. *Ивковска* 2022: 66-72.

[34] Сп. *Ивковска* 2022: 75,77.

Сл. 21. а) Св. Тома, б) св. Јулита и Кирик, црква Св. Успение на Богородица, Ново Село-Штип (фото: а) В. Поповска-Коробар; б) НКЦ)

ред икони, какви што немаше на иконостасите во Свети Николе и Немањици. Во Велес ги има на трите централни престолни икони. Освен некаков стремеж на Атанас да се угледа на веќе славниот самоковски зограф, поверојатно е да било барање на незнаениот велешки нарачател,[35] но кога тоа се случувало е тешко да се прецизира.

Престолните икони на малечкте иконостаси во параклисите Св. Димитрија и Св. Мина, северно и јужно на катот од црквата Св. Пантелејмон, сите биле дарувани во 1843 г. од различни лица, повеќето аџии.[36] Датумот на тие непотпишани икони, на кои го препознаваме стилот на зографот



Сл. 22. Раѓањето на Богородица, 1847 г., зограф Атанас (Христов), црква Св. Атанасиј, с. Босилово (фото: НКЦ)

[35] Имаме предвид дека зографството на Димитар Христов му било по вкус на нарачателот, со оглед на посведочените врски на велешани како ктитори во главната црква на Рилскиот манастир, којшто во Велес имал и метох, в. *Куюмџиев* 2015: 137-138, со историските извори и постарата литература.

[36] *Филиповић* 1936: 289-290, според приложничките натписи на престолните икони, тие тука се дарувани главно во месеците февруари и март во 1843 г. Во параклисот Св. Димитрија се наведуваат иконата на Исус Христос, Богородица, Св. Димитрија и Воведение на Богородица. Во параклисот Св. Мина се иконите на Исус Христос, Богородица, св. Мина и Собор на архангелите; *Ивковска* 2022: 85-91 (северен параклис), 92-97 (јужен параклис).

Сл. 23. Царски двери, црква Св. Димитрија, Кавадарци (фото: Д. Николовски)

Сл. 25. Богородица Елеуса Кикоска, Галерија на икони, Прилеп (фото: НУ Завод и Музеј-Прилеп)

Сл. 24. Благовештение, 1846 г., црква Св. Благовештение, Прилеп (фото: Д. Николовски)

Анастас Константинов од Магарево (Битолско),[37] само оддалеку нѐ ориентира во хипотезата за датирање на иконите атрибуирани на Атанас Христов. Несигурно е дали грижата за украсување на иконостасот во црквата и тие во параклисите се одвивала паралелно, откако веќе завршило по-

[37] Досега не се атрибуирани. За продуктивниот зограф од првата половина на векот, со повеќе податоци и постара литература, в. *Николовски* 2012: 335-339; *Василески* 2021: 45-66.

Сл. 26. Иконостас, детаљ, црква Св. Пантелејмон, Велес (фото: В. Поповска-Коробар)

ставувањето и плаќањето на престолните икони на зографот од Самоков. Во оваа фаза на истражување, изработката на велешките икони од зограф Атанас крушевчанецот би ја определиле пошироко, помеѓу 1843 и 1848 г.

Зографот го запознаваме како образован зналец на иконописната техника, извонреден мајстор на мизансцената во иконографските композиции и со својствен лирски приод. Забележливо е (не) снаоѓањето со натписите, го претпочита грчиот јазик, ги меша грчките и кирилските букви и впечатокот ни е дека честопати му помагале други во пишувањето. Немаме посигурен податок за неговото потекло освен дека бил жител на Крушево, како што напишал во Немањици во 1847-та г. Претпазливо допуштаме дека Атанас Христов бил Влав, можеби син на Христо којшто потекнувал од областа Загори (Епир), веројатниот настојник баш на црквата Св. Никола, според приложничкиот натпис на иконата (1849 г.) во Свети Николе. Неговиот опус од неполна деценија, потврдено од 1846 до 1850 г., не овозможува да му се определи творечкиот и животен век, но имал голем углед кај црковната власт и еснафската клиентела. Проширените сознанија за зографот Атанас Христов од Крушево, засега со неговата продукција на просторот од денешна РС Македонија, придонесуваат кон проучувањата на зографската ортодоксна уметност на Балканот во првата половина на XIX век.

Сл. 27. Св. Петар, црква Св. Пантелејмон, Велес (фото: В. Ивковска)

Сл. 28. Св. Тома, црква Св. Пантелејмон, Велес (фото: В. Ивковска)

Библиографија:

Балабанов 1972: *Балабанов*, Коста. Постојана галерија на икони во црвата Успение на Св. Богородица во Ново Село – Штип. Народен музеј–Штип.

Василески 2021: *Василески*, Александар. Прилог кон проучувањето на творештвото на зографот Анастас Константинов од Магарево. Во: Прва Малореканска летна школа. По патеките на Дичо Зограф. Зборник на трудови. Скопје, 45-66.

Василиев 1965: *Василиев,* Асен. Български възрожденски майстори. Живописци, резбари, строители. София.

Генова 2012: *Генова*, Елена. Второто поколение зографи от Самоковската живописна школа: Димитър Христов Зограф, Йоан Николов Иконописец, Костадин Петрович Вальов. София.

Гергова 2004: *Гергова*, Иванка. Сметководният тефтер на самоковския зограф Димитар Христов. – ИДА, 88, София, 272–306.

Елезовић 1935: *Елезовић*, Глиша. Записи и натписи из северних области Јужне Србије. – Зборник за историју Јужне Србије и суседних области књ.1. Скопље, 251–270.

Ивковска 2022: *Ивковска*, Велика. Архитектурата и сликарството на црквата „Св. Пантелејмон“ во Велес од Андреј Дамјанов. Скопје 2022.

Куюмджиев 2015: Куюмджиев, Александър. Стенописите в главната църква на Рилския манастир. София.

Николовски 1990: *Николовски,* Антоние. Иконописот во црквата и параклисот на Манастирот Света Пречиста. Во: Манастир Света Пречиста Кичевска. Културно-историско наследство на СР Македонија XXVI. Скопје, 96–110.

Николовски 2010: *Николовски,* Антоние. Студии за доцновизантискиот и периодот на Преродбата (XIX век) во уметноста на Македонија. Уред. Д. Николовски. Скопје.

Николовски 2012: *Николовски*, Дарко. Икони од ризницата на црквата Св. Благовештение–Прилеп. – Патримониум.МК V/10, 333–344.

Николовски 2018: *Николовски*, Дарко. Црквата Св. Никола во с. Уланци, Градско. – Патримониум МК XI, 16, 305-326.

Пандевски, Стоев-Трнката 1969: Пандевски, Манол, Ѓорѓи Стоев-Трнката. Струмица и Струмичко низ историјата, Струмица.

Панзов 1991: *Панзов*, Никола. Галерија на икони. Црква Св. Никола. Завод за заштита на спомениците на културата и Народен музеј–Штип, Македонска православна црква – Брегалничка епархија, Штип.

Попова 2003: *Попова*, Елена. Иконите на Димитар Христов во Македонија. – Зборник на Музејот на Македонија бр. 3, 215–224.

Поповска-Коробар 2023: *Поповска-Коробар,* Викторија. Иконата на Богородица Елеуса Кикоска во Штип. – In Memoriam, Сборник в памет на проф. д. изк. Елена Попова. Ред. И. Гергова, М. Прашкова. Велико Търново, 230–245.

Русева 2022*: Русева*, Ралица. Иконографията на св. Наум Охридски и нейното многообразие (Бележки вьху три малко известни икони с образи на св. Наум Охридски от Музея за християнско изкуство в София). – Старобългаристика XLVI,4. Специално издание. А на жената бяха дадени крила. Сборник в чест на професор Светлина Николова. София, 927-948.

Тричковска 1990: *Тричковска*, Јулија. Во: Манастир Света Пречиста Кичевска. Културно-историско наследство на СР Македонија XXVI. Скопје, 67-94.

Ќорнаков 2001: *Ќорнаков,* Димитар. Цркви и манастири во Тиквешијата. Скопје.

Филиповић 1936: *Филиповић*, С. Миленко. Записи и натписи. – Зборник за историју Јужне Србије и суседних области књ. 1. Скопље, 287-299.

Хаџиева Алексовска, Касапова 2001: *Хаџиева Алексовска*, Јасмина, Елизабета Касапова. Архитект Андреја Дамјанов. Скопје.

Цветковски 2011: *Цветковски*, Сашо. Неколку непознати икони од XVIII век во црквите на охридска Дебарца и Кичевско. –Патримониум.МК. IV/ 9, 241–251.

Цветковски 2013: *Цветковски*, Сашо. Пречиста Кичевска. Дебарско-кичевска епархија. Охрид.

Viktorija POPOVSKA-KOROBAR

NOTES ON THE ICON PAINTER ATHANASIOS HRISTOU FROM KRUSHEVO IN THE 1840s

Summary

The paper expands knowledge about the work of the icon painter / *zograph* Athanasios Hristou from Krushevo, who is rarely mentioned in the scientific literature. For the first time, his signed works from the iconostases in the city of Sveti Nikole (Fig. 1-7), in the village of Nemanjici (Fig. 8-15), in Shtip (Fig. 19-20) and in the village of Bosilovo near Strumica (Fig. 22) are presented. Based on the signed icons from the period between 1846 (Fig. 18) to 1850 (Fig. 16), and on the recognizable stylistic characteristics of the zograph Athanasios Hristou, several other icons preserved in the city churches in Prilep (Fig. 24-25), Kavadarci (Fig. 23) and Veles (Fig. 26-27) are attributed to him, as well as an icon exhibited in the National Art Gallery in Sofia (Fig.17).

We consider this zograph to be an educated specialist in the technique of icon painting, an extraordinary master of mise-en-scène in iconographic compositions, and a painter with a distinctive lyrical approach. His inconsistency in the Slavic inscriptions is noticeable; he prefers the Greek language, mixes Greek and Cyrillic letters, and we get the impression that others often assisted him with the inscriptions. There is no other reliable information about his origins, except that he was a resident of Krushevo, as he wrote in Nemanjici in 1847 (Fig. 12). We cautiously assume that Athanasios Hristou was a Vlach, possibly the son of Hristo from the Zagori region (Epirus) who perhaps was the warden of the church of St. Nicholas, according to the dedicatory inscription on the icon (1849) in the city of Sveti Nikole. (Fig. 7) His documented work, spanning less than a decade, from 1846 to 1850, does not allow us to determine his full creative or life trajectory. However, he had a great reputation among the church authorities and guild clientele. The oeuvre of the icon painter Athanasios Hristou from Krushevo, relatively modest in scope and currently known only in the area of present-day Republic of North Macedonia, represents a valuable contribution to the study of church Orthodox art in the Balkans in the first half of the 19th century.